СОУ Гимназија „ЈОСИП БРОЗ-ТИТО“-БИТОЛА

# ПОСЕТА НА САЕМ НА КАРИЕРА (CAREER EXPO 2026)

## 1. Општи податоци

Установа: СОУ Гимназија „Јосип Броз Тито“-Битола
Настан: Саем на кариера (Career Expo 2026)
Организатор: Факултет за информатички и комуникациски технологии – Битола
Датум: 2 април 2026 година
Локација: ФИКТ-Битола
Времетраење: 11:00 – 13:00 часот

## 2. Учесници

Посетата беше реализирана со ученици од четврта година од СОУ Гимназија „Јосип Броз Тито“-Битола, во придружба на:

- помошник директор: Даниела Петровска
- Кариерен советник: Фанија Наумовска

## 3. Цел на посетата

Целта на посетата беше запознавање на учениците со можностите за високо образование во областа на информатичките и комуникациските технологии, како и нивно директно поврзување со компании од реалниот сектор. Особен акцент беше ставен на промоцијата на професијата ИТ инженер како една од најперспективните на пазарот на труд.

## 4. Опис на активностите

Настанот започна со официјално отворање и обраќања од релевантни претставници на институции и локална самоуправа. Потоа следеше разгледување на штандови на компании, каде учениците имаа можност за директна комуникација со работодавачи.

Во рамките на Саемот беше организирана и панел-дискусија на тема „Интеракција човек – вештачка интелигенција“ што придонесе за продлабочување на знаењата на учениците за современите технолошки трендови. Модератори на панел-дискусијата беа деканот на ФИКТ, проф. д-р Благој Ристевски и продеканите прф. Д-р Костандина Вељановска и проф. д-р Божидар Миленквоски. Од СОУ Гимназија „Јосип Броз Тито“-Битола учесници на паел-дускусијата беа помошник директорката Даниела Петровска и кариерниот советник Фанија Наумовска.

## 5. Анализа и значење

Посетата на Саемот претставува значајна активност во насока на професионална ориентација на учениците што овозможува стекнување практични информации за студиски програми, кариерни можности и потребите на пазарот на труд.

Особено значајно е што учениците оствария непосреден контакт со компании, што придонесува за развој на нивните кариерни компетенции и информирано донесување одлуки за понатамошно образование.

## 6. Заклучок

Посетата на Саемот на кариера (Career Expo 2026) беше успешно реализирана и ги исполни поставените цели. Настанот се покажа како корисна платформа за поврзување на учениците со академската и бизнис заедницата.

Се препорачува ваквите активности да продолжат и во иднина, со цел континуирана поддршка на учениците во процесот на нивна професионална ориентација.

Битола, 3.4.2026

Помошник директор
Даниела Петровска

Кариерен советник

Фанија Наумовска

СОУ Гимназија „ЈОСИП БРОЗ-ТИТО“-БИТОЛА

Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола

Факултет за информатички и комуникациски технологии - Битола



**СОУ Гимназија „ЈОСИП БРОЗ-ТИТО“-БИТОЛА**












## СОУ Гимназија „ЈОСИП БРОЗ-ТИТО“-БИТОЛА







